ДРУШТВО ЗА ПРОИЗВОДСТВО,ТРГОВИЈА И УСЛУГИ СИГУРНОСТ-ДП ДООЕЛ
Бр. 114/25
08.08.2025 год.
СКОПЈЕ

Република Северна Македонија
**Министерство за финансии**

Архивски број: 03-9670/1
Датум: 06-08-2025

ДОГОВОР
за јавна набавка на услуга –
одржување и сервисирање на ПП апарати и опрема

Склучен помеѓу:

1. МИНИСТЕРСТВО ЗА ФИНАНСИИ, со седиште на улица „Даме Груев", бр.12 - Скопје, претставувано од м-р Гордана Димитриеска-Кочоска, министер за финансии, во натамошниот текст: договорен орган и

2.ДРУШТВО ЗА ПРОИЗВОДСТВО, ТРГОВИЈА И УСЛУГИ СИГУРНОСТ – ДП ДООЕЛ Скопје, со седиште на бул. „12-та Македонска бригада" бр.40А Скопје, претставувано од Димитар Петревски, управител, во натамошниот текст: носител на набавката.

I. ПРЕДМЕТ НА ДОГОВОРОТ

Член 1

Предмет на овој договор е одржување и сервисирање на ПП апарати и опрема, по спроведена постапка за набавка од мала вредност, по оглас бр. 10506/2025.

II. ВРЕДНОСТ НА ДОГОВОРОТ

Член 2

Единечните цени за предметот на договорот се дадени во Прилог 1 на овој договор, претставуваат негов составен дел и истите се фиксни и непроменливи за цело времетраење на договорот.

Максималната вредност на договорот изнесува 200.000,00 денари, без пресметан данок на додадена вредност.

Максимална вредност на договорот со пресметан данок на додадена вредност изнесува 236.000,00 денари.

Договорниот орган нема обврска да го реализира целокупниот износ од став 2 на овој член.


MQS Partner of Quality Austria

## III. ГАРАНЦИЈА ЗА КВАЛИТЕТНО И НАВРЕМЕНО ИЗВРШУВАЊЕ НА ДОГОВОРОТ

### Член 3

Носителот на набавката е должен заедно со потпишаниот договор да достави банкарска гаранција за квалитетно и навремено извршување на договорот.

Банкарска гаранција за квалитетно и навремено извршување на договорот треба да биде во висина од 5% од максималната вредност на договорот со пресметан данок на додадена вредност и да е со важност до целосно реализирање на договорот.

Со банкарската гаранција за квалитетно и навремено извршување на договорот носителот на набавката безусловно гарантира за целосно, квалитетно и навремено извршување на обврските по овој договор.

Банкарската гаранција за квалитетно и навремено извршување на договорот треба да биде безусловна, неотповиклива и на прв повик наплатлива од страна на договорниот орган, треба да биде издадена од банка со седиште во Република Северна Македонија или од странска банка.

Недоставување на банкарската гаранција претставува основ за раскинување на овој договор.

Договорниот орган се обврзува на носителот на набавката да му ја врати банкарската гаранција за квалитетно и навремено извршување на договорот во рок од 14 (четиринаесет) дена од денот на целосното реализирање на договорот.

Договорниот орган нема да ја врати банкарската гаранција за квалитетно и навремено извршување на договорот и ќе бара нејзино активирање од банката која ја има издадено, доколку предметната набавка не е реализирана според одредбите од договорот.

Во случај носителот на набавката поради непредвидени околности (виша сила или други оправдани причини) да не можел да ја изврши услугата, договорниот орган нема да бара активирање на банкарската гаранција, доколку носителот на набавката достави писмено образложение до договорниот орган во кое ќе ги наведе причините за неизвршената или ненавремено извршената услуга, а образложението биде писмено прифатено од страна на договорниот орган.

## IV. ВАЖНОСТ НА ДОГОВОРОТ

Член 4

Овој договор е со важност од 12 (дванаесет) месеци сметано од денот на потпишувањето на двете договорни страни.

## V. НАЧИН И РОК НА ИЗВРШУВАЊЕ НА УСЛУГАТА

Член 5

Одржувањето и сервисирањето на ПП апарати е потребно за во објектот на Министерството за финансии лоциран на ул. „Даме Груев" бр.12 во Скопје, градинката на Министерството за финансии, обејктите за одмор на Министерството за финансии лоцирани во Крушево и Дојран како и во следниве населени места каде Министерството за финансии има трезорски канцеларии и подрачни одделенија на Управата за имотно-правни работи: Гази Баба, Карпош, Кисела Вода, Центар, Чаир, Берово, Битола, Валандово, Велес, Виница, Гевгелија, Гостивар, Дебар, Делчево, Демир Хисар, Кавадарци, Кичево, Кочани, Кратово, Крива Паланка, Крушево, Куманово, Македонски Брод, Неготино, Охрид, Прилеп, Пробиштип, Радовиш, Ресен, Свети Николе, Струга, Струмица, Тетово и Штип.

Составен дел на овој договор е Прегледот на ПП апарати по места и количини, даден како Прилог 2.

Редовното и превентивно одржување на ПП апарати опфаќа:

Сервисен преглед на апарати под постојан притисок на секои 6 месеци (2 пати во периодот за кој е склучен Договорот) кој опфаќа:

- надворешен преглед на општата состојба на апаратот од аспект на корозија и оштетување,
- надворешен преглед на состојбата на комплетноста на сите делови на апаратот,
- преглед на читливоста на натписите и упатството за ракување со апаратот,
- контрола на работниот притисок во апаратот,
- контрола на исправноста на манометарот,
- вадење на осигурачот и повторно пломбирање,
- преглед на состојбата на спорното црево и млазницата, продувување на истите со воздух и замена на оштетените и дотраени делови на апаратот,

- проверка на количината на средството за гасење со мерење на вага и запишување на податоците во сервис-картонот на апаратот,
- протресување на апаратот во превртена состојба заради растресување на прашакот,
- вадење на затворачот, проверка на исправноста на механизмот за активирање и сите заптивки,
- проверка на вертикалната и возбудната цевка,
- мерење на маса на погонскиот гас во шишенцето со вадење и по потреба дополнување,
- измерената маса на шишенцето и датумот на мерењето се запишуваат на самолеплива налепница со име на овластен сервис и датум на контрола.

При извршување на услугите за одржување на ПП апаратите од страна носителот на набавката задолжително ќе присуствува лице определено од страна на договорниот орган кое ќе го констатира извршувањето на услугата.

Доколку при извршување на услугата има потреба од полнење на ПП апаратите, односно се појави потреба за замена на неисправен дел, носителот на набавката е должен на барање од страна на договорниот орган да достави понуда со цена за полнењето, односно спецификација и цени за потребните резервни делови.

По прифаќањето на понудата од страна на договорниот орган, носителот на набавката е должен да ја изврши услугата барана од договорниот орган.

Контролното испитување на ПП апаратите се врши согласно Правилникот за начинот на одредување на места на кои задолжително треба да се наоѓаат уредите и инсталациите за заштита од пожари, другата противпожарна опрема, средствата за гаснење на пожари и противпожарните апарати, нивното одржување во исправна состојба, посебното обележување и достапност за употреба.

При извршување на редовниот сервис носителот на набавката е должен да констатира дали за одреден ПП апарат е потребно да се изврши контролно испитување.

Доколку постои потреба од контролно испитување за истото го известува договорниот орган и по негова согласност се врши контролното испитување.

## VI. НАЧИН, УСЛОВИ И РОК НА ПЛАЌАЊЕ

Член 6

Договорниот орган плаќањето за извршената услуга ќе го врши во рок од 30 (триесет) дена од денот на приемот на фактурата по извршена услуга кон која треба да има приложено испратница/работен налог за извршената услуга потпишана со име и презиме од определени лица за реализација на договорот од двете договорни страни.

## VII. ОБВРСКИ НА НОСИТЕЛОТ НА НАБАВКАТА

Член 7

Носителот на набавката е должен веднаш по потпишувањето на договорот да пристапи кон негова реализација на начин согласно прифатените услови дефинирани во понудата.

Носителот на набавката се обврзува:

- сервисниот преглед на апарати под постојан притисок да го врши на секои 6 (шест) месеци, односно 2 (два) пати во текот на целото времетраење на овој договор;
- секоја потребна поправка пријавена од страна на договорниот орган да ја изврши во рок до 3 (три) часа на локациите во Скопје, односно 24 часа на локациите надвор од Скопје;
- по потреба да изврши полнење на апаратите по нивната употреба и
- по потреба да изврши замена на неисправни делови.

Носителот на набавката е должен да ги преземе сите обврски кои произлегуваат согласно Законот за безбедност и здравје при работа и сите останати важечки прописи кои се однесуваат за заштита, безбедноста и здравјето при работа на лицата кои се ангажирани за реализација на договорот.

Носителот на набавката е должен да се придржува кон сите технички, технолошки и противпожарни правила за целото времетраење на договорот.

Доколку дојде до замена на неисправен дел носителот на набвката се обврзува за нововградените делови, да достави гарантни листови.

## VIII. ОБВРСКИ НА ДОГОВОРНИОТ ОРГАН

Член 8

Договорниот орган се обврзува:

- секоја потребна поправка да ја пријави кај носителот на набавката во писмена форма, преку телефон или по електронски пат;
- да определи лице за контакт кое ќе биде задолжено за реализација на договорот и
- да му плати на носителот на набавката за извршената услуга во рокот определен во член 6 од овој договор.

## IX. УСЛОВИ ЗА РАСКИНУВАЊЕ НА ДОГОВОРОТ

Член 9

Овој договор може да се раскине спогодбено со согласност на двете договорни страни.

Член 10

Овој договор може да се раскине и еднострано поради непридржување или неисполнување на договорните обврски утврдени со овој договор.

Договорната страна која поради непридржување или неисполнување на договорните обврски го раскинува договорот, должна е тоа да и го соопшти на другата договорна страна без одлагање во писмена форма.

Договорот се смета за раскинат со денот на приемот на известувањето за раскинување на договорот.

Доколку дојде до раскинување на договорот поради неисполнување или ненавремено исполнување на обврските на договорот од страна на носителот на набавката, покрај наплатата на банкарската гаранција за квалитетно и навремено извршување на договорот, носителот на набавката ќе биде одговорен за евентуалната штета што би ја предизвикал на договорниот орган како директна или индиректна последица на неговото работење.

Член 11

Кога една од договорните страни нема да ја исполни својата обврска, договорната страна може да бара исполнување на обврската од другата договорна страна или да го раскине договорот, а во секој случај има право на надомест на штетата.

Член 12

Кога договорната страна нема да ја исполни својата обврска во определениот рок, другата договорна страна може да и остави примерен дополнителен рок за исполнување на обврската.

Рокот од став 1 на овој член може да биде продолжен само по писмено барање на носителот на набавката и писмена согласност од договорниот орган.

Ако договорната страна која не ја исполнила својата обврска во определениот рок, не ја исполни обврската ни во дополнителниот рок, другата договорна страна може да го раскине договорот.

## X. ВИША СИЛА

Член 13

Ниту една од договорните страни нема да биде одговорна за неисполнување на обврските од овој договор до кое би дошло заради виша сила.

Под виша сила се подразбираат настани или околности на кои договорните страни не можат да влијаат и се надвор од нивната контрола, а го попречуваат нормалното извршување на договорот (елементарни непогоди, воени дејства, граѓански немири, штрајкови и сл.).

Вишата сила не вклучува настан што е предизвикан од небрежност или намерна активност што би предизвикала застој во извршувањето на обврските од договорот.

Ако една од договорните страни е спречена да ги исполнува своите обврски заради виша сила, должна е веднаш писмено да ја извести другата страна, со наведување на причините за вишата сила и по можност обезбедување на соодветен доказ.

За времетраењето на вишата сила сите права и обврски од овој договор мируваат.

Договорните страни се обврзуваат на ист начин да ја известат договорната страна за повторното воспоставување на нормални услови за извршување на договорот, односно за престанокот на дејството на вишата сила.

По отстранувањето на вишата сила договорот продолжува да се реализира.

## XI. ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Член 14

Изменувања и дополнувања на договорот можат да се вршат со заедничка согласност на договорните страни по писмен пат.

Договорната страна која бара измена и/или дополнување на договорот е должна своето барање до другата страна да го достави во писмена форма.

Договорот може да се изменува и дополнува со анекс на договорот потпишан од двете договорените страни во согласност со Законот за јавните набавки.

Член 15

За сé што не е предвидено со овој договор, се применуваат одредбите од Законот за облигационите односи, Законот за јавните набавки и од другите позитивни прописи во Република Северна Македонија.

Член 16

Во случај на спор, договорните страни се согласни спорот да го решат спогодбено, а доколку во тоа не успеат, согласни се спорот да го решава предметно надлежниот суд во Скопје.

Член 17

Обработката на личните податоци при реализацијата на овој договор ќе биде во согласност со Законот за заштита на личните податоци.

Член 18

Овој договор е составен во 4 (четири) еднообразни примероци од кои 2 (два) примероци за договорниот орган и 2 (два) за носителот на набавката.

| | |
|---|---|
| Договорен орган: | Носител на набавката: |
| Република Северна Македонија | ДРУШТВО ПРОИЗВОДСТВО, ТРГОВИЈА |
| Министерство за финансии | И УСЛУГИ СИГУРНОСТ – ДП ДООЕЛ |
| Скопје | Скопје |
| Министер за финансии | Управител |
| м-р Гордана Димитриеска-Кочоска | Димитар Петревски |

Изработил: Рената Николоска
Контролирал: Даниела Јанкова
Одобрил: Татјана Васева
Проверил: м-р Маја Стаменковска Угриновска
Михаило Михајловски
Проверил: Андреј Ангеловски
Ирена Петковски
Согласен: д-р Андриана Матлиоска

**Прилог 1 кон договорот – единечни цени за сервисирање и одржување на ПП апарати по спроведена е -Аукција**

| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 |
|---|---|---|---|---|
| Опис | Единица мерка | Количина | Единечна цена без ДДВ (Цената се однесува на 2 извршени прегледи/ сервисирања во текот на траењето на договорот) | Вкупна цена без ДДВ (3*4) |
| **СЕРВИСИРАЊЕ И ОДРЖУВАЊЕ НА ПРОТИВПОЖАРНИ АПАРАТИ** | | | | |
| Сервисен преглед на ППА со сув прав од 6кг | парче | 37 | 440,05 | 16.281,85 |
| Сервисен преглед на ППА со сув прав од 9кг | парче | 112 | 440,05 | 49.285,6 |
| Сервисен преглед на ППА со CO2 од 5кг. | парче | 19 | 440,05 | 8360,95 |
| Сервисен преглед на ППА со FM 200 од 6кг. | парче | 8 | 440,05 | 3520,4 |
| Сервисен преглед на ППА со сув прав од 50кг. | парче | 2 | 440,05 | 880,1 |
| Сервисен преглед на ППА со постојан притисок со сув прав од 2 кг | парче | 4 | 440,05 | 1760,2 |
| **КОНТРОЛНО ИСПИТУВАЊЕ (АТЕСТ) НА ППА (еднаш на 5 години)** | | | | |
| Контролно испитување на ПП Апарати (еднаш на 5 години а кај апарати постари од 15 години на 2 години) | парче | 22 | 0,45 | 9,9 |

# Прилог 2 кон договорот – Преглед на ПП апарати со места и количини

| Р.б | Вид на ПП Апарат | МФ | Градинка | Берово | Битола | Велес | Виница | Гевгелија | Гостивар | Дебар | Делчево | Д.Хисар | Кавадарци | Кичево | Кочани | Кратово | К.Паланка | Куманово | Неготино | Охрид | Прилеп | Пробиштип | Радовиш | Ресен | С.Николе | Струга | Струмица | Тетово | Штип | Г.Баба | Карпош | К.Вода | Центар | Чаир | Валандово | Крушево | М.Брод | Одморалиште- | Одморалиште- | ТК-Тетово | ТК-Дебар | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | Апарат за гасење со сув прав од 6 kg | 33 | | | 3 | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | 1 | | | 37 |
| 2 | Апарат за гасење со сув прав од 9kg(S9) | 59 | 2 | 1 | 3 | 2 | 1 | 1 | 1 | 1 | 1 | 1 | 1 | 1 | 1 | 1 | 1 | 1 | 1 | 1 | 1 | 1 | 1 | 1 | 1 | 1 | 1 | 1 | 1 | 1 | 1 | 1 | 1 | 1 | 1 | 1 | 1 | 12 | | 1 | 1 | 112 |
| 3 | Апарат за гасење со CO2-5 од 5kg | 16 | 1 | | 1 | | | | | | | | | | | | | 1 | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | 19 |
| 4 | Апарат за гасење со FM 200 од 6 kg | 8 | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | 8 |

# Прилог 2 кон договорот – Преглед на ПП апарати со места и количини

| Р.б | Вид на ПП Апарат | МФ | Градинка | Берово | Битола | Велес | Виница | Гевгелија | Гостивар | Дебар | Делчево | Д.Хисар | Кавадарци | Кичево | Кочани | Кратово | К.Паланка | Куманово | Неготино | Охрид | Прилеп | Пробиштип | Радовиш | Ресен | С.Николе | Струга | Струмица | Тетово | Штип | Г.Баба | Карпош | К.Вода | Центар | Чаир | Валандово | Крушево | М.Брод | Одморалиште- | Одморалиште- | ТК-Тетово | ТК-Дебар | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 5 | Апарат за гасење со сув прав од 50 kg | 2 | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | 2 |
| 6 | Апарат за гасење со сув прав од 2kg(S2) | 4 | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | 4 |